Соодветна заштита, помош и поддршка на жртвите на **РОДОВО - БАЗИРАНО** и **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** во општина **Шуто Оризари**

Проект: зајакнување на женскиот глас



ИЗДАВАЧ:

Здружение Иницијатива на правата на жените од Шуто Оризари - Скопје

АВТОРКИ:

Салија Беќир Халим

Наташа Павиќевиќ Стојменовска

ДИЗАЈН:

Николина Николовска

Скопје, октомври 2024 година

Финансиски поддржано од:

Овој документ за политики е во рамките на проектот „Зајакнување на женскиот глас“ поддржан од шведската Фондација Kvinna till Kvinna и Шведска, имплементиран од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Содржините на документот за политики се одговорност на авторите и не ги одразуваат ставовите на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и шведската фондација Kvinna till Kvinna и Шведска.

СОДРЖИНА:

ВОВЕД 4

МЕТОДОЛОГИЈА 5

Актуелната состојба со жените жртви 6

Наоди од фокус групите во Шуто Оризари 14

Достапност на социјални услуги за жртвите на родово - базирано и семејно насилство 15

За центарот „Иси арка“ 20

Локалната самоуправа во Шуто Оризари за превенција и заштита од семејно и родово-базирано насилство 20

ЗАКЛУЧОЦИ 21

ПРЕПОРАКИ 23

ВОВЕД

Општина Шуто Оризари, како една од 10-те урбани општини на територија на град Скопје, се соочува со сериозни предизвици во однос на обезбедување заштита на жртвите на родово- базирано и семејно насилство.

Според извештаите на локалните здруженија на граѓани, насилството врз жените во Шуто Оризари е често присутно, а жртвите се без соодветна поддршка и ресурси. Фактори какви што се економската нестабилност, сиромаштијата, недостаток на образование и културните предрасуди ја зголемуваат ранливоста на жените што живеат во оваа општина. Жените во општината Шуто Оризари, особено Ромките, и натаму наидуваат на голем број пречки при остварување на правото на заштита од семејно и родово-базирано насилство[1], особено при пристапот до институциите, па оттука е забележана и висока недоверба кон институциите.

Според податоците од последниот Попис на население во Република С Македонија од 2021 година[2], во општина Шуто Оризари живеат 25 726 лица; од нив 50,37% се мажи, а 49,63% се жени. Според етничка припадност, составот на населението во општина Шуто Оризари е следен:

- Роми 43,80% (мажи 50,11%, жени 49,89%)
- Албанци 34,32% (мажи 51,20%, жени 48,80%)
- Македонци 3,52% (мажи 50,44%, жени 49,56%)
- Други 18,36% (мажи 52,94%, жени 47,06%)

Публикацијата „*Соодветна заштита, помош и поддршка на жртвите на родово-базирано и семејно насилство во општина Шуто Оризари*“ е еден од резултатите од спроведените активности во рамките на проектот „Зајакнување на женскиот глас“, што го спроведува здружението „Иницијатива на правата на жени од Шуто Оризари“. Овој проект се спроведува во рамките на проектот „На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република С Македонија“.

[1] Истражување за пристапот и функционалноста на системот на заштита на жените Ромки, жртви на родово-базирано и семејно насилство на територијата на Скопје, 2022, Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари, достапно на следниот линк

[2] Државен завод за статистика, Попис на население 2021

МЕТОДОЛОГИЈА:

Податоците и содржината на публикацијата се обезбедени преку примена на методологија што вклучува:

- ***деск анализа***: секундарно прибирање и анализа на податоци, консултација со извештаи и јавно достапни податоци, компаративна анализа, толкување, систематизирање, споредување и генерализирање на резултатите;

- ***метод на дискусија во фокус група***: дискусија во две фокус групи со вкупно 10 учеснички жртви на родово-базирано и семејно насилство од Шуто Оризари, со примена на индивидуална презентација во група на секоја учесничка, дискусија и проективни техники;

- ***метод на тркалезна маса:*** во вид работен состанок со 9 (девет) претставнички на 5 (пет) здруженија на граѓани даватели на социјални услуги, со примена на двонасочна комуникација во структурирана средина, на теми за дискусија поврзани со искуствата во работата со жртви на родово-базирано и семејно насилство;


- ***барање за слободен пристап до информации од јавен карактер:*** барање статистички податоци поврзани со број случаи на родово-базирано и семејно насилство, со програми и средства поврзани со родово-базирано и семејно насилство до ЕЛС Општина Шуто Оризари, Министерство за внатрешни работи – МВР (Оддел за односи со јавност и стратешки прашања, Сектор за односи со јавност и протокол), ЈУ Центар за социјална работа на Град Скопје (Служба на подрачје на општините Шуто Оризари и Чучер Сандево) и ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје.

За потребите на анализата беа одржани две фокус групи, на кои беа присутни 10 учеснички, жени Ромки од Шуто Оризари, кои беа спроведени од психолог, додека еден работен состанок беше одржан со 10 претставници од граѓански организации што се даватели на услуги (во советувалишта, центри за привремен престој и претставници од граѓански организации, кои работат на полето превенција на семејно и на родово-базирано насилство).

АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА СО ЖЕНИТЕ ЖРТВИ

Поради недостиг од јавно достапни податоци за состојбите со жртвите на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво, на ниво на општина Шуто Оризари, во анализата прикажуваме трендови на национално ниво. Со примената на техниките на истражување, се потврди дека постои пресликување на истите трендови и на локално ниво. Јавно достапните податоци покажуваат дека во Република С Македонија и покрај донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на РСМ бр. 24/21), не се води статистика за родово-базирано насилство, туку само за семејно насилство. Па, така, според овие податоци, семејното насилство бележи пораст во 2023-та во споредба со 2022 година, односно во 2023 година има 46 жртви на семејно насилство повеќе во споредба со 2022 година.

Графикон бр. 1 *Приказ на бројот на жртви на семејно насилство во Република С Македонија во период 2020 - 2023 година*



Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година“

Од 1 605 жртви на семејно насилство во 2023 година, 77,32% се жени, а 22,68% се мажи (в. Графикон бр. 1 и Табела бр. 2). Кога станува збор за возраст, бројот на децата жртви на семејно насилство речиси е еднаков и кај мажите и кај жените во сите четири години на анализа.

Табела бр. 1 *Број жртви на семејно насилство според возраст и пол*

	2020		2021		2022		2023	
	Мажи	Жени	Мажи	Жени	Мажи	Жени	Мажи	Жени
Полнолетни жртви на РБС насилство	251	1 170	274	1119	253	1092	244	1124
Деца жртви на РБС насилство	58	61	104	111	108	106	120	117
Подвкупно	309	1 231	378	1 230	361	1 198	364	1 241
Вкупно	1540		1 608		1 559		1 605	

Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година“

Ризикот од насилство од интимен партнер се идентификува и во Република С Македонија, односно најголем број жртви на семејно насилство се сопруги (474 жртви во 2022 година) и/или жени во вонбрачна заедница (119 жртви во 2022 година) (в. Табела бр. 2). Исто така, значителен е бројот на случаи на жртви мајки, каде што сторители на насилството се нивните синови; па, така, од 171 случај на насилство каде што како сторител се јавува син, во 100 случаи како жртви се јавуваат нивните мајки (в. Табела бр. 2 и 3).

Табела бр. 2 *Број жртви на кривични дела во врска со семејно насилство, по однос/сродство со сторителот на насилството*

	2020	2021	2022
жртва – сопруг	31	27	25
жртва – сопруга	410	443	474
жртва – син	42	62	58
жртва – ќерка	45	59	44
жртва – мајка	111	109	110
жртва – татко	85	99	86
жртва – поранешна сопруга	51	60	74
жртва – поранешен сопруг	5	3	7
жртва – маж во вонбрачна заедница	2	5	3
жртва – жена во вонбрачна заедница	72	87	119
жртви – останати мажи и жени	197	201	150

Извор: Државен завод за статистика, публикација „Жените и мажите во Република С Македонија 2023“

Табела бр. 3 *Број сторители на кривични дела во врска со семејно насилство, по однос/сродство со жртвата на насилството*


	2020	2021	2022
сторител – сопруг	410	443	474
сторител – сопруга	31	27	25
сторител – син	179	177	171
сторител – ќерка	13	11	10
сторител – мајка	9	18	19
сторител – татко	64	84	60
сторител – поранешен сопруг	51	60	48
сторител – поранешна сопруга	5	3	7
сторител – маж во вонбрачна заедница	73	87	119
сторител – жена во вонбрачна заедница	2	5	3
сторител – останати мажи	153	137	163
сторител – останати жени	35	45	29

Извор: Државен завод за статистика, публикација „Жените и мажите во Република С Македонија 2023“

Според етничката припадност, анализирајќи ги податоците за бројот на жртви на семејно насилство во периодот од 2020 до 2024 година, се забележува дека повеќето жртви (над 70% во секоја од годините) се од македонска етничка припадност (в. Графикон бр. 2 и 3). Во однос на бројот на жртви на семејно насилство од албанска етничка припадност, се забележува пораст на регистрирани случаи во анализираниот период; во 2020 година


бројот на жртви бил само 8,90% од вкупниот број, во 2021 година тој процент пораснал на 11,88%, а во 2022 и 2023 година да биде речиси еднаков во однос на вкупниот број жртви, односно 12,64% во 2022 година и 12,65% во 2023 година. Анализирајќи го, пак, трендот на бројот на жртви на семејно насилство **од ромска етничка припадност**, се забележува пораст од 2020 до 2021 година, а потоа опаѓање во 2022 и 2023 година. Или поточно, во 2020 година бројот на жртви од ромска етничка припадност бил 9,94% од вкупниот број жртви во таа година, во 2021 година тој процент пораснал на 11,32%, во 2022 година се намалил на 9,88%, за во 2023 година да изнесува 6,79% од вкупниот број жртви во таа година.

Графикон бр. 2 *Приказ на број жртви на семејно насилство според етничка припадност во период од 2020 - 2023 година*



Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година“


Графикон бр. 3 *Приказ на бројот на жртви на семејно насилство според етничка припадност во период од 2020 - 2023 година (%)*



Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година“

Во однос на економскиот статус на жртвите на семејно насилство, не се забележува голема разлика во бројот на жртви што се вработени и невработени, но во периодот од 2020 до 2023 година, се забележува пораст на бројот на жртвите што се во работен однос од една страна, а од друга, се забележува намалување на бројот на жртви што се невработени (в. Графикон бр. 3).

Графикон бр. 4 *Приказ на бројот на жртви на семејно насилство според економскиот статус на жртвата во период од 2020 - 2023 година*



Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година"

Девојките и жените во Република С Македонија што преживуваат родово-базирано или семејно насилство, многу тешко се охрабруваат да го пријават насилството, најчесто поради: страв од сторителот, срам од семејството и од околината, чувство на вина и ниска самодоверба, но во голем дел и поради недоверба во институциите.
Според официјалните јавно достапни податоци, жртвите на родово-базирано и семејно насилство најчесто го пријавувале насилството во полиција. Се забележува опаѓачки тренд на пријави во МВР од 2020 до 2023 година, а растечки тренд на пријави во Центрите за социјална работа и во други институции или организации. Бројот на пријави во центрите за социјална работа во 2023 година е речиси двојно зголемен во однос на 2020 година, додека бројот на пријави во други институции или организации во 2023 година е зголемен за речиси 3,5 пати во однос на 2020 година. Најмал број пријави се забележуваат во здравствените установи во сите четири години на анализа, иако и тука е присутен растечки тренд на пријави.

Табела бр. 4 *Кривични дела и жртви в.в, семејно насилство 2023 година*

Кривични дела	ИЗВРШЕНИ КД	ПОЛ		РОДНИНСКИ ВРСКИ										
		МАЖИ	ЖЕНИ	СОПРУГ	СОПРУГА	ДЕЦА		РОДИТЕЛИ		Поранешна сопруга	Поранешна сопруг	Лица во вонбрачна заедница		ОСТАНАТО
						Син	Ќерка	Мајка	Татко			М	Ж	
Убиство - член 123 став 2	5	3	3	0	0	0	0	2	3	0	0	0	0	1
Убиство - член 123 став 2 в.в. член 19	1	1	0	0	0	1	0	0	0	0	0	0	0	0
Телесна повреда - член 130 став 2	635	118	543	13	251	29	35	59	40	29	3	6	80	116
Тешка телесна повреда - член 131 став 2	30	2	29	0	10	1	0	7	1	0	0	0	8	4
Присилба - чл. 139 ст. 2	4	1	3	1	1	0	0	0	0	0	0	0	1	1
Загрозување на сигурност член 144 став 2	405	115	303	8	152	19	7	39	51	43	5	3	20	71
Противправно лишување од слобода член 140 став 2	2	0	2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	2	0
Обљуба со злоупотреба на положба член 189 став 2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Посредување во вршење проституција - член 191 став 3	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
В К У П Н О	**1082**	**240**	**883**	**22**	**414**	**50**	**42**	**107**	**95**	**72**	**8**	**9**	**111**	**193**

Извор: Министерство за внатрешни работи на Р С Македонија

Постапувањето на Министерството за внатрешни работи во РС Македонија за периодот од 2023 година и 2024 година, изостанува со податоци за националноста на жртвите од семејно и родово- базирано насилство.

Во врска со кривични дела и сторители на семејно насилство, за 2023 година се забележува дека: извршени се вкупно 1 082 кривични дела, од кои 1 001 сторител се мажи, а 96 се жени сторители на кривични дела. Очигледен е бројот и на жртви жени, кои се 883 наспроти 240 мажи.

Табела бр. 5 *Жртви на кривични дела за семејно насилство за јануари-јуни 2024 година*

Кривични дела	ИЗВРШЕНИ КД	ПОЛ		РОДНИНСКИ ВРСКИ										
		МАЖИ	ЖЕНИ	СОПРУГ	СОПРУГА	ДЕЦА		РОДИТЕЛИ		Поранешна сопруга	Поранешна сопруг	Лица во вонбрачна заедница		ОСТАНАТО
						Син	Ќерка	Мајка	Татко			М	Ж	
Убиство - член 123 став 2	2	2	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	3
Убиство - член 123 став 2 в.в. член 19	1	0	1	0	0	0	1	0	0	0	0	0	0	0
Телесна повреда - член 130 став 2	317	60	267	8	137	12	17	34	26	17	7	0	25	44
Тешка телесна повреда - член 131 став 2	13	3	10	0	3	0	0	0	1	3	0	0	2	4
Присилба - чл. 139 ст. 2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Загрозување на сигурност член 144 став 2	194	47	163	3	69	8	7	31	27	21	1	0	8	35
Противправно лишување од слобода член 140 став 2	1	0	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1
Обљуба со злоупотреба на положба член 189 став 2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Посредување во вршење проституција - член 191 став 3	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
В К У П Н О	**528**	**112**	**443**	**11**	**209**	**20**	**25**	**65**	**54**	**41**	**8**	**0**	**35**	**87**

Извор: Министерство за внатрешни работи на Р С Македонија

Табела бр. 6 *Кривични дела и сторители в.в. семејно насилство 2023 година*

Кривични дела	ИЗВРШЕНИ КД	СТОРИТЕЛИ													Под дејство			Начин на извршување			
		ПОЛ		РОДНИНСКИ ВРСКИ																	
		МАЖИ	ЖЕНИ	СОПРУГ	СОПРУГА	ДЕЦА		РОДИТЕЛИ		Поранешна сопруга	Поранешна сопруг	Лица во вонбрачна заедница		ОСТАНАТО	АЛКОХОЛ	ДРОГА	РАСТРОЈСТВО	Со огнено оружје	Со ладно оружје	Со физ. сила или закана	ОСТАНАТО
						СИН	ЌЕРКА	МАЈКА	ТАТКО			М	Ж								
Убиство - член 123 став 2	5	5	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1	0	4	0	1
Убиство во обид 174 став 2 во врска со член 34	1	1	0	0	0	0	0	0	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1	0	0
Телесна повреда - член 182 став 2	635	587	60	250	12	100	2	15	39	3	29	80	6	111	87	5	246	0	30	571	34
Тешка телесна повреда - член 183 став 2	30	30	0	10	0	8	0	0	1	0	0	8	0	3	4	0	8	0	1	27	2
Присилба - чл. 198 ст. 2	4	3	1	1	1	0	0	0	0	0	0	1	0	1	0	0	1	0	0	1	3
Загрозување на сигурност член 202 став 3	405	373	35	153	9	82	3	5	16	5	43	20	3	69	82	5	140	4	27	320	54
Противправно лишување од слобода член 199 став 2	2	2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	2	0	0	0	0	1	0	0	2	0
Обљуба со злоупотреба на положба член 249 став 2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Посредување во вршење проституција - член 252 став 3	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
В К У П Н О	**1082**	**1001**	**96**	**414**	**22**	**195**	**5**	**20**	**57**	**8**	**72**	**111**	**9**	**184**	**173**	**10**	**397**	**4**	**63**	**921**	**94**

Извор: Министерство за внатрешни работи на Р С Македонија

Табела бр. 7 *Кривични дела и сторители на семејно насилство јануари - јуни 2024 година*

Кривични дела	ИЗВРШЕНИ КД	СТОРИТЕЛИ													Под дејство			Начин на извршување			
		ПОЛ		РОДНИНСКИ ВРСКИ																	
		МАЖИ	ЖЕНИ	СОПРУГ	СОПРУГА	ДЕЦА		РОДИТЕЛИ		Поранешна сопруга	Поранешна сопруг	Лица во вонбрачна заедница		ОСТАНАТО	АЛКОХОЛ	ДРОГА	РАСТРОЈСТВО	Со огнено оружје	Со ладно оружје	Со физ. сила или закана	ОСТАНАТО
						СИН	ЌЕРКА	МАЈКА	ТАТКО			М	Ж								
Убиство - член 123 став 2	2	2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	2	0	0	1	0	1	1	0
Убиство во обид - член 123 став 2 в.в. член 19	1	1	0	0	0	0	0	0	1	0	0	0	0	0	0	0	1	0	0	0	1
Телесна повреда - член 130 став 2	317	290	31	137	8	58	3	2	21	7	17	25	0	43	49	6	102	2	25	281	9
Тешка телесна повреда - член 131 став 2	13	12	1	3	0	1	0	0	0	0	3	2	0	4	1	0	7	0	1	10	2
Присилба - чл. 139 ст. 2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Загрозување на сигурност член 144 став 2	194	184	11	69	3	52	3	2	9	1	21	8	0	27	26	3	59	0	12	164	18
Противправно лишување од слобода член 140 став 2	1	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1	0	0	1	0	0	1	0
Обљуба со злоупотреба на положба член 189 став 2	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Посредување во вршење проституција - член 191 став 3	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
В К У П Н О	**528**	**490**	**43**	**209**	**11**	**111**	**6**	**4**	**31**	**8**	**41**	**35**	**0**	**77**	**76**	**9**	**171**	**2**	**39**	**457**	**30**

Извор: Министерство за внатрешни работи на Р С Македонија

За кривични дела и сторители на семејно насилство за 2024 година за периодот од јануари до јуни 2024 година, се забележува дека: извршени се вкупно 528 кривични дела, од кои 490 се мажи, а 43 се жени сторители на кривични дела. Очигледен е бројот и на жртви: жени се 443 наспроти 112 мажи. За период од 6 месеци се извршени 2 убиства, каде што сторителите и во двата случаи се мажи, додека жртви се една жена и еден маж. Најчесто жртвите по роднински врски се мајка (65) и татко (54). Висока е бројката и кај жртвите што по роднинска врска се водат како поранешна сопруга (41 жртва), наспроти поранешен сопруг (8 жртви). Лицата во вонбрачна заедница се 35 жени жртви.

НАОДИ ОД ФОКУС ГРУПИТЕ ВО ШУТО ОРИЗАРИ

Од дискусиите во фокус групите со жртвите на родово-базирано и семејно насилство од општина Шуто Оризари, според споделените искуства, најголемиот број случаи на жртви на родово-базирано и семејно насилство покажуваат дека на ризик од родово-базирано и семејно насилство се изложени девојките и жените кои:

- живеат во дисфункционални семејства, а кои се сметаат за традиционални семејства, во кои се негуваат и се практикуваат стереотипните родови и семејни улоги, во кои има меѓугенерациско пренесување и поддржување на насилното однесување на мажите кон женските членови, но и на постарите кон помладите членови во семејството или во домаќинството;
- се економски зависни од своите партнери;
- имаат мали деца и немаат систем на поддршка во нивната грижа (нема кој друг да се грижи за нив освен самите тие);
- немаат соодветно образование и квалификации за конкурентност на пазарот на труд и за вработување;
- немаат сопствен имот и/или живеалиште и
- немаат никаква поддршка од своите примарни семејства (мајка, татко, браќа, сестри).

„Што да се каже или збори? Во секоја куќа има проблеми... Кажи ми, има ли куќа без оџак? Нема... Ама подобро да имаш куќа, отколку да немаш... каква-таква, важно имаш... ќе си се напијам дијазепам и сè ќе помине...“

жртва на родово-базирано и семејно насилство, 54 години

„Јас живеам во проширено семејство со сопругот, децата, свекор, свекрва... така било и кога јас сум била дете... Да вратам на постар, на татко?! Тоа не можело ни на сон да се случи. Денешниве деца враќаат на мајка, на татко не... пред некој ден едно од децата претера и го удрив. Виде свекрвата и ме удри зашто сум го тепала синот...“

жртва на родово-базирано и семејно насилство, 34 години

„Се омажив многу млада, си родив девојче... Многу ми беше тешко со првиот маж, ме малтретираше, ме бркаше од дома... Ќерката ми беше мала и не можев да издржам. Мајка ми ми помогна, нè прибра кај неа и така се спасивме...“

жртва на родово-базирано и семејно насилство, 42 години

ДОСТАПНОСТ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ЖРТВИТЕ НА РОДОВО-БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Како што беше наведено и во самиот вовед, во делот на заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство значаен е и Законот за социјална заштита (Службен весник бр. 104/19), со кој, меѓу другото, се воведуваат посеопфатни мерки и услуги на заштита на лицата во социјален ризик и социјални проблеми, вклучително и на жртвите на родово-базирано и семејно насилство, какви што се: услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување и услуги на привремен престој. Новина е што како носители на овие услуги можат да се јават и здруженија на граѓани како лицencирани и овластени даватели на услуги. Според Законот (член 4, став 9 и 10, Закон за социјална заштита, Службен весник бр. 104/19):

„Лиценцирани даватели на социјални услуги" се даватели на услуги што ги исполнуваат нормативите и стандардите за давање услуги и се стекнале со дозвола за вршење работи во дозвола за вршење работи во социјалната заштита[3].

„Овластени даватели на социјални услуги" се лиценцирани даватели на услуги, кои склучиле управен договор со Министерството за труд и социјална политика, односно општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје и даваат услуги на корисници, по донесено решение на Центарот за социјална работа.

За жртвите на родово-базирано и семејно насилство се достапни и се обезбедуваат, најчесто од страна на здруженија на граѓани (кои се лиценцирани даватели на социјални услуги или се во процес на лиценцирање), следните специјализирани услуги:

- СОС-линија за помош на жртви на семејно и родово-базирано насилство;
- Психо-социјална помош и поддршка, советување и третман на жени жртви на семејно и родово-базирано насилство;
- Советување и третман на сторители на семејно и родово-базирано насилство;
- Бесплатна правна помош за жртви на родово-базирано и семејно насилство.

Постои неусогласеност во јавно достапните податоци и соопштенија со фактичката состојба на постојни лиценцирани даватели на социјални услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство. Според податоците од МТСП, до јуни 2023 година се воспоставени 13 специјализирани Центри за згрижување жени жртви на семејно насилство и родово-базирано насилство во шест плански региони – шелтер центри, 8 (осум) советувалишта за жртви на семејно насилство, 8 (осум) советувалишта за сторители на насилство. Според теренското истражување[4] спроведено од Хера – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, стекнати се информации дека 6 од овие советувалишта имаат посебен објект, но нема вработено лице за раководење со нив. Жртвите добиваат само општи услуги во просториите на центрите за социјални работи, а само едно советувалиште се отвора еден ден во неделата, кога психологот вработен во Центарот за социјални работи организира средба со жртвата. Во однос на пристапноста, само 2 од овие 7 советувалишта се непристапни, локациски недостапни за жените од Шуто Оризари, имајќи ја предвид локацијата и социо-економскиот статус.

[3] Регистарот на лиценцирани даватели на социјални услуги е достапен на следниот линк

[4] https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Izveshtaj-za-sproveduvanje-na-Istanbulskata-konvencija.pdf

Во моментот на пишување на анализата (јуни 2024 година), во официјалниот Регистар на лиценцирани даватели на социјални услуги се евидентирани вкупно 119 лиценцирани даватели на услуги, од кои само шест се лиценцирани даватели на услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство. Не постојат официјални, јавно достапни податоци за бројот на даватели на услуги што склучиле управен договор со Министерството за труд и социјална политика, односно општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје и даваат услуги на корисници по донесено решение на Центарот за социјална работа.

Според јавно достапните податоци, најголем број жртви на родово-базирано и семејно насилство или повеќе од половината од вкупниот број случаи на жртви на родово-базирано и семејно насилство во секоја од годините во периодот од 2020 – 2023 година, добиле психо- социјална помош (в. Графикон бр. 8 и 9). Ваквиот приказ не ја одразува реалната поддршка во континуитет на жртвите на семејно и родово-базирано насилство бидејќи за нив нема официјален податок за континуирано советување.


Услугата *бесплатна правна помош,* споредено по години во периодот од 2020 – 2023 година, ја добиле 43,68% од регистрираните случаи на жртви на родово-базирано и семејно насилство во 2021 година, речиси еднаков процент во 2020 година и 2023 година или 40,17% и 40,14% соодветно и 39,61% во 2022 година.

Графикон бр. 8 *Приказ на број жртви на родово-базирано и семејно насилство според мерки на помош и заштита во надлежност на центрите за социјална работа*



Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година"

Графикон бр. 9 *Приказ на бројот на жртви на родово-базирано и семејно насилство според мерките на помош и заштита во надлежност на центрите за социјална работа %*



Извор: ЈУ Завод за социјални дејности, публикација „Компаративен преглед – податоци за семејно насилство во Република С Македонија за период 2020 – 2023 година"

Во Графикон бр. 9 може да се увиди дека во 2023 година само на 1,14% од жртвите им е доделена еднократна парична помош, додека гарантирана минимална помош им е доделена на 0,95%.

На почетокот на 2024 година е донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на услугите на советување и за простор, средства, кадри и потребна документација за советувалиште (Службен весник бр. 3/24). Со овој правилник се доуредува оваа специјализирана услуга, особено за жртвите на родово- базирано и семејно насилство:

- Услугите н а советување се делат на примарни, секундарни и терцијарни, со тоа што за жртвите на родово-базирано семејно насилство се обезбедуваат:

  -Секундарни услуги на советување -психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство;
  -Терцијарни услуги на советување - психо-социјален третман на жени жртви на насилство и семејно насилство.

Услугите на советување се обезбедуваат преку индивидуална или групна работа, според програмата на давателот на услугата советување. Групната работа се обезбедува за најмногу до шест корисници во група, освен за терцијална услуга на советување, за што се обезбедуваат најмногу до пет корисници во група.

На годишно ниво, Министерството за труд и социјална политика носи Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги, меѓу кои и за услугата на советување. Во согласност со Одлуката за 2024 година од 7.12.2023 година (чл. 12), цената на услугата на советување, која се користи во советувалиште, се утврдува во следните износи:
-351 денар за индивидуално советување на час по корисник и
− 224 денари за групно советување на час по корисник.
Меѓутоа, во согласност со донесувањето на новиот Правилник за услугата на советување, на 10.1.2024 година МТСП донесе Одлука за изменување на одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги, според која цените на услугата на советување се прикажани во Табела бр. 8:

Табела бр. 8 *Приказ на цените на советување според видот на советување*

	Цена на индивидуално советување (на час по корисник) во МКД	Цена на групно советување (на час по корисник) во МКД
Секундарни услуги на советување: психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство	**1 926,00**	**457,00**
Терцијарни услуги на советување: психо-социјален третман на жени жртви на насилство и семејно насилство	**2 027,00**	**580,00**

Извор: МТСП, Одлука за изменување на одлуката за утврдување на цените на социјални услуги во домот, за во нсемејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, за советување и за одмена на семејна грижа, 10.1.2024 година

Според Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги, цената на социјалната услуга за привремен престој, а во согласност со Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање социјални услуги за привремен престој и за простор и средства, кадри и потребна документација за центар за привремен престој (Службен весник на РСМ бр. 91/21), изнесува 38.336,00 денари месечно за корисник на услугата во центар за привремен престој на жртви на семејно насилство, центар за жртви на родово-базирано насилство и центар за жени жртви на сексуално насилство и силување, односно 1.587,00 денари дневно по корисник.

Владата на Република С Македонија донесува Програма за остварување социјална заштита на годишно ниво врз основа на член 9 алинеја 2 од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 39 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Службен весник бр. 283/23). Според Програмата за остварување на социјалната заштита за 2024 година[5] и Програмата за дополнување на програмата за остварување на социјалната заштита за 2024 година:

- Ќе продолжат активностите за воспоставување нови специјализирани сервиси, кои обезбедуваат психо-социјален третман за сторители на семејно насилство во сите плански региони на територијата на Република С Македонија.
- Распоредувањето на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2024 година, ќе се врши во согласност со Програмата за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри за 2024 година, за финансирањето на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија, за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2024 година.

Наодите од дискусиите во работниот состанок со давателите на социјални услуги на жртвите на родово-базирано и семејно насилство, укажуваат дека:

- Најчесто жртвите што се охрабриле да го пријават родово-базираното и семејното насилство, лично го пријавуваат насилството и лично се обраќаат за помош; поретки се случаите кога пријавата е од член на семејство, пријатели, соседи и сл
- Сè повеќе жртвите на родово-базирано и семејно насилство се охрабруваат да го пријават насилството, најчесто во организациите – даватели на социјални услуги

[5] Програма за остварување на социјалната заштита за 2024 година, Службен весник на РСМ бр. 287/23

за жртви на родово- базирано и семејно насилство на локално ниво, кои тие ги препознаваат како безбедно место за нив да се искажат и да побараат помош.

- Во речиси сите случаи на пријава на родово-базирано и семејно насилство во здруженијата на граѓани – даватели на социјални услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство, пред да настане пријава на насилството, жртвите ги контактираат здруженијата за информирање: каде може да се пријави насилството, што треба да се направи доколку има таков случај, каква е постапката по пријава итн.
- Многу често до здруженијата на граѓани – даватели на социјални услуги за жртви на родово- базирано и семејно насилство, се обраќаат жртви што повеќепати го пријавувале случајот на насилство до надлежните институции, но сè уште нема никаква разрешница на нивните случаи.
- Повеќето жртви на родово-базирано и семејно насилство имаат недоверба кон институциите, поистоветувајќи ги со „лавиринт“; ова исто така доведува до нивно обесхрабрување воопшто да го пријават родово-базираното и семејното насилство, но доведува и до често откажување на жртвата во постапката.

Од работниот состанок со давателите на услуги се добиени следниве заклучоци и препораки:

- *достапност и пристапност на услуги за жртвите на родово-базирано и семејно насилство,*
- *подигнување на свесноста на вработените во институциите за препознавање на насилството/потенцијалното насилство,*
- *едукација и подигнување на свесноста на жените и на девојките за концептот на СРБ насилство,*
- *зајакнување на самодовербата на жените и на девојките жртви на СРБ насилство,*
- *унапредување на можностите за економско јакнење на девојките и на жените,*
- *кампања за запознавање со достапните сервиси,*
- *поголема вклученост на единиците на локалната самоуправа за обезбедување услуги на локално ниво,*
- *унапредување и развивање на постојните услуги на советување и психо-социјална помош и поддршка на жртвите на родово-базирано и семејно насилство, воведување и развивање нови и иновативни услуги за жртвите на родово-базирано и семејно насилство.*

„Девојките и жените најчесто се обраќаат во нашето советувалиште да се информираат, да видат што се случува, кои се правата, што би очекувале понатаму... Тука ја гледам клучна во стекнувањето доверба придружбата до институциите, што е многу голем чекор на охрабрување за понатамошните чекори во случајот.“

„Кога станува збор за подигање на јавната свест, охрабрување и мотивирање на жртвите да го пријават насилството, задолжително треба да имаме предвид дека кај некои од нив е присутна недоверба во институциите и да имаме предвид и да појасниме со што сè ќе се соочи жртвата по пријавувањето...“

претставнички на здруженија на граѓани – даватели на социјални услуги

ЗА ЦЕНТАРОТ „ИСИ АРКА“

На локално ниво, од септември 2023 година во општината Шуто Оризари е отворен Центар за помош и поддршка на жени жртви на родово-базирано и семејно насилство „Има помош“ – ISI ARKA.

Ова е прв и единствен центар што ги нуди услугите за жртвите на родово-базирано и семејно насилство на ромски и на македонски јазик. Во некои ситуации ова е предуслов за да се охрабрат жените да се обратат во Центарот.

Овој центар е основан преку финансиска поддршка од УНФПА – Македонија, Британската амбасада и Министерство за труд и социјална политика од 1.9.2023 година. Центарот „ИСИ АРКА“ нуди психо-социјални услуги и поддршка на жени жртви на семејно и родово-базирано насилство. Преку центарот за само една година се советуваа и добија бесплатна психо-социјална поддршка вкупно 90 лица. Од нив, 5 жени беа безбедно сместени во шелтер центрите. Физичко насилство пријавиле 32 жени, психичко 23, комбинирано 21, сексуално 2 и 12 пријавиле економско насилство.

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство даде директна поддршка за финансиска одржливост на сервисот, односно за ангажман на психолог. Освен сервисни услуги, во центарот „ИСИ АРКА“ се одржуваат и превентивни едукативни работилници, кои имаат улога да ја подигнат свеста кај заедницата, а воедно и да охрабрат и да мотивираат да се пријави насилството. Услугите се анонимни, бесплатни и доверливи. Вкупниот потребен трошок за одржливост на советувалиштето за една година и непрекинато обезбедување услуги за поддршка за жртвите, изнесува приближно 2.058.000,00 денари. Овој износ ги вклучува и платите и надоместоците на вработените како и месечните наемнини и комунални трошоци за просторот.

Локалната самоуправа во Шуто Оризари за превенција и заштита од семејно и родово базирано насилство.

Општина Шуто Оризари нема подготвено акционен план или програма наменета за превенција и заштита од семејно и родово-базирано насилство, и досега немаат издвоено финансиски средства за поддршка на советувалиштето „Иси арка“ иако е прво и единствено од овој тип. Единствено во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, се најавува дека е во план креирање програма за превенција од семејно и родово-базирано насилство.

ЗАКЛУЧОЦИ:

Како главен заклучок во анализата „Соодветна заштита, помош и поддршка на жртвите на родово-базирано и семејно насилство во општина Шуто Оризари“ може да се истакне дека организациите – даватели на социјални услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство, на локално ниво се препознаени од жртвите на родово-базирано и семејно насилство како безбедно место каде што можат да се обратат и да побараат помош; особено од жртвите на родово-базирано и семејно насилство, жртви што повеќепати го пријавувале случајот на насилство до надлежните институции, но сè уште нема никаква разрешница на нивните случаи.
Дополнително, како општ заклучок може да се истакне дека во општината Шуто Оризари има потреба да се воспоставуваат и да се спроведуваат специјализирани и стандардизирани услуги за жртвите од родово-базирано и семејно насилство, како на пример: советување и упатување, специјализирани видови советување на жртвите на родово-базирано и семејно насилство, на деца жртви на насилство, заштита и третман при траума, специјализирани услуги за рехабилитација и ресоцијализација и за жртвите.
Како поединечни заклучоци ги истакнуваме следните:

- Повеќето жртви на родово-базирано и семејно насилство имаат недоверба кон институциите, што е една од главните причини за нивно обесхрабрување воопшто да го пријават родово- базираното и семејното насилство, но и причина за честото откажување на жртвите во постапката.

- Клучна помош и поддршка во случаите на родово-базирано и семејно насилство е придружувањето на жртвите од стручни лица од здруженијата на граѓани – даватели на социјални услуги на жртвата во институциите при пријава на насилствотото; со тоа се охрабруваат и се поддржуваат жртвите, но и се спречува постојана нивна виктимизација, како резултат на постојаното постапување на надлежните субјекти исклучиво во својот делокруг на работење.

- Недостига соодветна процена на потребите на жртвите на родово-базирано и семејно насилство со вклученост на меѓусекторскиот тим, со цел да се изготви соодветен план за заштита и обезбедување соодветни услуги за жртвите на родово-базирано и семејно насилство.

- Во најголем број случаи на родово-базирано и семејно насилство како најнепрепознаени се економското и сексуалното насилство; и двата вида насилство се откриваат индиректно или пропратно во случаи кога има присуство на физичко и/или психолошко насилство.

- Во системот на заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство постојат и препознатливи се здруженија на граѓани – даватели на социјални услуги, кои обезбедуваат соодветни услуги за жртвите на родово-базирано и семејно насилство, но кои услуги, за жал, најчесто се проектни, а тоа значи временски ограничени и како такви треба да се поддржат за финансиска одржливост на подолг рок.

- Постои недостиг на воспоставен систем на заштита и безбедност за здруженијата на граѓани – даватели на социјални услуги, поточно на вработените и на ангажираните лица што работат со жртви на родово-базирано и семејно насилство. Во моментов на територијата на градот Скопје постои само едно одделение за постапување и пријавување семејно и родово-базирано насилство и воедно не располагаат со точна

бројка на обучени полициски службеници за препознавање, превенција и заштита од семејно и родово-базирано насилство.

- Загрижува податокот дека на локално ниво, во Шуто Оризари не постојат никакви програми и политики за превенција и заштита од семејно и родово-базирано насилство кај Ромките.

ПРЕПОРАКИ:

- Да се организираат и да се спроведуваат континуирани активности во Општина Шуто Оризари за сензибилизација на здравствените, на стручните работници во центрите за социјална работа и во другите надлежни институции и даватели на социјални услуги за препознавање на сите видови насилство, вклучително и економското и сексуалното насилство.

- Да се спроведува постојана едукација на стручните лица во институциите, со цел зголемување на одговорноста во постапувањето во случаи на родово-базирано и семејно насилство.

- Да се обезбеди и да се зајакне меѓусекторската и институционалната соработка за постапување за семејно и родово-базирано насилство, со поголема вклученост на здруженијата на граѓани – даватели на социјални услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство, со цел да се изготви соодветен план за заштита и обезбедување соодветни услуги за жртвите на родово-базирано и семејно насилство.

- Да се зголеми бројот и капацитетот на човечките ресурси во полициска станица – СВР Шуто Оризари во одделот за семејно насилство, со цел поголема достапност за пријава на родово- базирано и семејно насилство во општина Шуто Оризари.

- Да се зголеми вклученоста на единицата на локална самоуправа во обезбедување услуги на локално ниво, унапредување и развивање на постојните услуги, развивање нови и иновативни услуги, како на пример: советување и упатување, специјализирани видови на советување жртви на родово-базирано и семејно насилство, на деца жртви на насилство, заштита и третман при траума, специјализирани услуги за рехабилитација и ресоцијализација и за жртвите и за сторителите на родово-базирано и семејно насилство, со цел поголема достапност на услугите до жртвите на родово-базирано и семејно насилство во општината Шуто Оризари.

- Да се зголеми вклученоста на единицата на локалната самоуправа во информирање и подигање на јавната свест на локалното население за проблемот на семејно и родово-базирано насилство преку дистрибуција на печатени материјали, организирање информативни средби и искористување на локалните медиуми за информирање.

- Да се обезбедат одржливи извори на финансирање за проекти и услуги за жени жртви на семејно и родово-базирано насилство од страна на Министерството за труд и социјална политика и од локалната самоуправа.

- Да се воспостави соодветен систем на заштита и безбедност на вработените и на ангажираните лица во здруженијата на граѓани – даватели на социјални услуги, кои работат со жртви на родово базирано и семејно насилство, како, на пример, воведување задолжителен тастер-систем за заштита.